**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

***март, 2023 година***

# СОДРЖИНА


ВОВЕД

I. СТАТУС И НАДЛЕЖНОСТ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ . . . . . 6
1. Поставеност во системот и состав . . . . . 6
2. Надлежност . . . . . 6

II. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ И СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ . . . . . 8
1. Седници на Советот . . . . . 8
2. Разгледување на извештаите . . . . . 8

III. ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ . . . . . 9
1. Објавени огласи за избор на јавни обвинители . . . . . 9
2. Избор на јавен обвинител . . . . . 9
3. Избор на јавен обвинител на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција . . . . . 10
4. Разрешување и престанок на функцијата јавен обвинител . . . . . 11

IV. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА . . . . . 12
1. Општи податоци . . . . . 12
2. Систематизирани и пополнети јавно обвинителски места, полова и етничка припадност по обвинителства . . . . . 13

V. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ . . . . . 19
1. Општ дел . . . . . 19
2. Примени претставки и поплаки и постапување . . . . . 21
3. Постапување по други поднесоци . . . . . 25

VI. СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ, ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА . . . . . 26
1. Институционална соработка . . . . . 26

2. Меѓународна соработка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 26

**VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27**
1. Транспарентност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
2. Односи со јавноста . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27

**VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА И КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28**
1. Состав на Советот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28
2. Внатрешна организација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 28
3. Услови за работа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 29

**IX. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА И БУЏЕТ ЗА 2022 година . . . . . . . . . . . . . 29**
1. Одобрен-реализиран буџет . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 29

# ВОВЕД

Советот на јавните обвинители секоја година за својата работа опсежно и статистички прецизно со годишен извештај ги информира пратениците и јавноста за состојбите од негова надлежност во јавно обвинителската функција во Република Северна Македонија. При вршење на својата функција Советот на јавните обвинители и оваа извештајна година имаше за цел да обезбеди и да гарантира самостојност на јавните обвинители во вршењето на нивната функција. Советот на јавните обвинители и оваа извештајна година продолжи да ги следи состојбите во јавните обвинителства, како и работата на јавните обвинители врз основа на оцената на нивната работа. Ги разгледуваше годишните извештаи на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, на Вишите јавни обвинителства и на основните јавни обвинителства, а членовите на Советот и месечните извештаи.

Одлучуваше за објавување на огласи и вршеше избор на јавни обвинители. Оваа извештајна година Советот за прв пат спроведе непосредни и тајни избори и именуваше јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кој го избраа сите јавни обвинители на Република Северна Македонија. Утврдуваше престанок на функцијата јавен обвинител по разни основи и одлучуваше во втор степен за утврдување на дисциплинска одговорност.

И оваа извештајна година, Советот на јавните обвинители постапуваше по претставки и предлози на граѓаните. Статистичките податоци покажуваат дека и минатата година бројот на претставките и поплаките на граѓаните е идентичен како и претходната извештајна година, а оштетените најчесто се жалеа за ажурноста и квалитетот на јавно обвинителските постапки и од донесените јавно обвинителските одлуки.

И претходната година Советот активно соработуваше со други институции и со медиумите и учествуваше во активности поврзани со вршење на неговата функција.

# I. СТАТУС И НАДЛЕЖНОСТ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

## 1. Поставеност во системот и состав

Советот на Јавните обвинители е основан согласно Уставот и Законот на Советот на јавните обвинители. Советот е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во вршењето на нивната функција. Целта на неговото формирање е обезбедување на самостојност, професионалност и стручност во вршењето на функцијата на кривичното гонење како една од трите основни функции во казнената постапка (гонење, одбрана, судење).

Содржината на одредбите на Законот за Советот на јавните обвинители и Законот за јавно обвинителство, ја определува поставеноста на Советот на јавните обвинители во нашиот правен систем, како и јавно обвинителска функција во Република Северна Македонија.

Советот на јавните обвинители согласно Законот за Советот на јавните обвинители е составен од 11 членови и одлучува на седници. Еден од членовите е по функција, 6 членови се избираат на тајни и непосредни избори од страна на јавните обвинители и тоа: еден од редот на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, четворица од редот на Вишите јавни обвинители од Вишите јавни обвинителски подрачја и еден јавен обвинител од редот на заедниците од страна на сите јавни обвинители во Република Северна Македонија. Четворица членови ги избира Собранието на Република Северна Македонија од редот на универзитетските професори по право, адвокати, поранешни судии на Уставниот суд, меѓународни судии и други истакнати правници од кои двајца се припадници на заедниците кои не се мнозинство.

Членовите на Советот имаат права и одговорности. За својата работа одговараат пред Советот, а членовите избрани од Собранието на Република Северна Македонија и пред Собранието.

## 2. Надлежност

Надлежноста и начинот на работа на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија е регулирана во Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, во кој детално е опишана надлежноста и начинот на кој Советот постапува и работи сè со цел да ја обезбеди самостојноста на јавните обвинители на територијата на Република Северна Македонија.

Основна законска надлежност на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија е да ги избира и разрешува јавните обвинители на сите нивоа, освен јавниот обвинител на Република Северна Македонија, кој го избира Собранието, по предлог на Владата на Република Северна Македонија, по

кој предлог Советот на јавните обвинители дава мислење и јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кој го избираат јавните обвинители.

Советот на јавните обвинители го организира и спроведува изборот на кој со тајно и непосредно гласање сите јавни обвинители избираат Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и го именува.

Советот го определува бројот на јавните обвинители, ја следи работата на јавните обвинители врз основа на оцената за нивната работа и врз основа на поднесените годишни и месечни извештаи и поднесените претставки согласно Законот за јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители.

Советот одлучува по предлозите на Дисциплинската комисија за изрекување на дисциплинска мерка - разрешување на јавен обвинител согласно Законот за јавното обвинителство, како и одлучува по жалба против решенијата донесени од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија со кои јавен обвинител привремено се оддалечува од вршењето на јавно обвинителската функција.

Утврдува престанок на функцијата јавен обвинител и одлучува во втор степен во постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на јавните обвинители.

Заради обезбедување на потребниот број на јавни обвинители Советот секоја година до крајот на месец февруари со одлука го утврдува бројот на слободните јавно обвинителски места во наредните две години и одлуката ја доставува до Академијата за судии и јавни обвинители.

Постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители.

Советот ги разгледува и оценува годишните извештаи на јавните обвинителства, ги издава и одзема службените легитимации, води персонални листи за јавните обвинители, дава мислења, и учествува во комисиите за законите од областа на делокругот на работата на Советот и јавното обвинителство. Советот презема и други активности во рамките на своите надлежности, а донесува и Деловник за работа и дава мислења по програмите на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

# II. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ И СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

## 1. Седници на Советот

Советот работи на седници на кои присуствуваат членовите на Советот и Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Во текот на извештајниот период Советот одржа 30 седници. На седниците најчесто се одлучуваше за објавување на огласи и избор на јавен обвинител и јавни обвинители на сите нивоа, како и за престанок на функцијата на јавните обвинители по сите основи. Се одлучуваше за дисциплински постапки и приговори за кои Советот е надлежен. Беа разгледани Годишните извештаи и распореди за работа на јавните обвинителства. Се разгледуваа и други актуелни настани и проблеми кои се јавуваа во работата на јавните обвинителства, како што е материјалниот статус и кадровската состојба. Во извештајната година, исто така на седница на Советот се разгледуваа и предлог проекциите за Буџетот на Советот на јавните обвинители за 2023 Година, како и други прашања во надлежност на Советот.

## 2. Разгледување на извештаите

Советот на јавните обвинители, како во претходните години и оваа извештајна година на посебни седници ги разгледуваше извештаите на јавните обвинителства на Република Северна Македонија, додека членовите на Советот-координатори за подрачјата на Вишите обвинителства, во континуитет продолжија да ги добиваат и разгледуваат месечните извештаи на јавните обвинителства.

Советот на јавните обвинители на посебни седници ги разгледуваше годишните извештаи за работата на: Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Вишото јавно обвинителство Скопје и извештаите на Основните јавни обвинителства од ова подрачје, Вишото јавно обвинителство Гостивар и извештаите на Основните јавни обвинителства од истото подрачје, Вишото јавно обвинителство Битола и извештаите на Основните јавни обвинителства од ова подрачје и Вишото јавно обвинителство Штип со извештаите на Основните јавни обвинителства од ова подрачје.

Советот при разгледување на извештаите констатираше дека обвинителствата и покрај потешкотиите со кои се соочуваат, како од недостаток на кадровски капацитети, така и од материјален аспект постигнале значителни резултати во работењето.

Советот на јавните обвинители извештаите од сите јавни обвинителства за извештајната година позитивно ги оцени. Советот посочи за потребата од подобрување на состојбите во одредени сегменти, и тоа: Смета дека и покрај тоа

што се констатира подобрување на ефикасноста во постапувањето на јавните обвинителства има потреба од понатамошно подобрување на истото, воедно е на мислење дека има потреба од подобрување и на квалитетот на јавно обвинителските одлуки. Советот смета дека има потреба од ажурирање на евиденцијата на примените пријави, односно поднесоци. Советот укажува на потреба од почести вонредни контроли од повисоките јавни обвинителства, истовремено Советот препорача на потребата од унифицирање на методологијата за подготвување на месечните и годишните извештаи, со цел да се добие поквалитетно отсликување на реалните состојби. Истовремено Советот констатира дека во симболичен број на случаеви се изрекува мерка  конфискација на имот, при што посочи на потребата јавните обвинители во иднина да посветат поголемо внимание на оваа мерка, со цел да ја предлагаат во сите случаеви каде постојат услови за изрекување на оваа мерка.

# III. ИЗБОРИ И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

## 1. Објавени огласи за избор на јавни обвинители

Во текот на 2022 година, Советот на јавните обвинители донесе одлуки за објавување на 6 огласи за избор на јавни обвинители на сите нивоа, како и еден оглас за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Советот, во извештајната година огласи вкупно 31 упразнето место и тоа:

- Во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија -  (2) две јавни обвинителски места
- Во четирите Виши јавни обвинителства - (4) четири места за Виш јавен обвинител
- Во Вишото јавно обвинителство Скопје - (2) две места за јавен обвинител
- Во Основните јавни обвинителства - (18) осумнаесет јавно обвинителски места за Основен јавен обвинител, како и
- Во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – (1) едно место за Основен јавен обвинител .

## 2. Избор на јавен обвинител

Советот, во текот на извештајната година по објавените огласи и спроведените интервјуа, од (56)педесет и шест пријавени кандидати изврши избор на (25)дваесет и пет јавни обвинители и тоа:

- Двајца јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија
- Четири виши јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства
- Еден јавен обвинител во Вишо јавно обвинителство

- Тринаесет Основни јавни обвинители на Основните јавни обвинителства.
- Пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

По однос на половата структура на избраните јавни обвинители беа избрани 14 жени јавни обвинители и 12 мажи јавни обвинители , а по однос на националната припадност беа избрани 18 јавни обвинители од македонска националност и 8 од албанска националност.

## 3. Избор на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

Советот на јавните обвинители во 2022 година по објавениот оглас за избор на Основен јавен обвинител за гонење на организиран криминал и корупција и по спроведените избори го именуваше Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

За прв пат Советот на јавните обвинители во 2022 година организираше тајни и непосредни избори во петте изборни места во кои за прв пат самите јавни обвинители имаа можност на слободно, непосредно и тајно гласање да избираат јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На огласот се пријавиле пет кандидати, од кои еден ја повлече кандидатурата, останатите пријави Советот ги разгледа и констатираше дека четворицата кандидати ги исполнуваат законските условите од член 61 и 62 од Законот за јавно обвинителство, по што Советот на седница ја утврди и кандидатската листа. Ажурираниот изборен именик бил доставен до Вишите јавни обвинителства, како и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, по што Советот формираше Комисија за спроведување на изборот за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје, и го утврди денот кога изборот ќе биде спроведен. Комисијата за избори формираше пет избирачки одбори, за секое од петте гласачки места. Гласањето се спроведе во мирна и демократска атмосфера, без никакви забелешки за текот на гласањето. По завршување на изборите, на гласачките места Изборните комисии составиле записници за текот и резултатите на гласањето, и истите заедно со целокупниот избирачки материјал беа доставени до Комисијата за избори. Комисијата за избори по отворање на ковертите доставени лично од претседателите на избирачките одбори, констатираше дека записниците не содржат никакви забелешки за текот на гласањето, а потоа се пристапило кон сумирање на резултатите и го утврдиле изборниот резултат по изборните места. Во законскиот рок немало поднесено приговори ниту од кандидатите, ниту од избирачите. Право на глас имале вкупно 163 јавни обвинители, вкупно гласале 158, додека 5 јавни обвинители не излегле на гласање. Најмногу гласа, односно 66 добил кандидатот Ислам Абази, кандидатот Ермон Незири добил 64 гласа,

кандидатот Деса Пауновска 10 гласа и кандидатот Вилма Русковска 14 гласа, неважечки биле 4 гласачки ливчиња. Сумирањето и утврдувањето на резултатите било снимано од страна на МИА и било објавено на веб-страницата на Советот на јавните обвинители. Според добиените гласови на сите обвинители во Република Северна Македонија, за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција -Скопје, бил избран јавниот обвинител Ислам Абази кој доби најмногу гласови од страна на јавните обвинители. Советот на јавните обвинители врз основа на изборните резултати, донесе одлука за именување на јавниот обвинител Ислам Абази за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје.

## 4. Разрешување и престанок на функцијата јавен обвинител

Во текот на 2022 година, Советот на јавните обвинители по спроведена дисциплинска постапка разреши еден јавен обвинител. Во два случаја, додека беше во тек дисциплинската постапка против двајца јавни обвинители, истите поднесоа барање до Советот на јавни обвинители за престанок на функција јавен обвинител по сопствено барање. Советот одлучи да им ги прифати барањата и констатираше престанок на функцијата јавен обвинител, а истовремено дисциплинската постапка била прекината.

Во текот на извештајната година, Советот на јавните обвинители констатираше престанок на функцијата јавен обвинител на 16 јавни обвинители поради исполнување на условите за старосна пензија.

Во текот на 2022 година, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија поведе дисциплинска постапка против Основниот јавен обвинител и двајца јавни обвинители на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и донесе одлука за оддалечување од функцијата Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Основниот јавен обвинител против решението за оддалечување поднесе жалба која Советот ја одби, со што го потврди решението за оддалечување.

Во извештајната година, Советот постапувајќи по жалбата на јавен обвинител од Основното јавно обвинителство против Решение на Комисијата за утврдување дисциплинска одговорност истата ја одби и го потврди Решението на Комисијата. И во текот на оваа извештајна година, Советот на јавните обвинители од објективни причини не успеа да обезбеди услови за да одлучи по поднесените жалби против решението за изречени дисциплински мерки, поднесени од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и од тројца јавни обвинители.

*Табела бр.1*

| Табела на избрани јавни обвинители во 2022 година | | | |
|---|---|---|---|
| Објавени огласи | Пријавени кандидати | Избрани обвинители | Од редот на завршена Академија |
| 7 | 56 | 26 | / |

# IV. КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

## 1. Општи податоци

При изборот на јавните обвинители во Основните јавни обвинителства, Советот беше лимитиран со ограничен број на кандидати, бидејќи согласно Законот за јавното обвинителство за избор на јавен обвинител во Основно јавно обвинителство, кандидатот мора да има завршено Академија за судии и јавни обвинители.

Советот во последните години констатира несразмерност на обновување на потребниот јавнообвинителски кадар со потребите на јавнообвинителската организација. Тоа се истакнува континуирано како најголем проблем за работата на јавните обвинителства, што доведува до неажурно постапување на јавните обвинители, кое пак, неажурно постапување од своја страна создава простор за реагирање на странките, посебно оштетените, со поднесување на поголем број на претставки.

Согласно Одлуките за определување на бројот на јавните обвинители на Јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства донесени на седниците на Советот, бројот на јавните обвинители во Република Северна Македонија треба да изнесува 244 не вклучувајќи ги 18-те систематизирани места во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Доколку во вкупната бројка се вклучи и ова јавно обвинителство, бројот на потребните јавни обвинители изнесува 262.

Во извештајниот период функцијата јавен обвинител на јавните обвинителства и јавен обвинител во јавните обвинителства ја извршувале 162 јавни обвинители или 83 јавни обвинители помалку.

Во текот на извештајниот период утврден е престанок на функцијата на 18 јавни обвинители, од кои на 15 поради исполнување на услови за старосна пензија,

двајца по сопствено барање и еден е разрешен поради нестручно работење, и на 4 членови на Советот и тоа: 1 поради исполнување на услови за старосна пензија, 1 по сопствено барање и двајца поради завршување на мандатот.

## 2. Систематизирани и пополнети јавно обвинителски места, полова и етничка припадност по обвинителства

Во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, по систематизација се предвидени 15 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 11 јавни обвинители, од кои мажи 9, жени 2, а по национална припадност: 7 Македонци, 4 Албанци. Од избраните јавни обвинители на еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор за член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Во Вишото јавно обвинителство Скопје, по систематизација се предвидени 17 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 13 јавни обвинители, од кои: 8 мажи и 5 жени, а по национална припадност: 6 Македонци, 4 Албанци, 1 Турчин и 2 Власи. Од избраните јавни обвинители на двајца јавни обвинители функцијата им мирува поради избор за членови на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Во Вишото јавно обвинителство Битола, по систематизација се предвидени 8 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 3 јавни обвинители, од кои 2 мажи, 1 жена, а по национална припадност сите се Македонци.

Во Вишото јавно обвинителство Гостивар, по систематизација се предвидени 8 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 5 јавни обвинители од кои 3 мажи, 2 жени, а по национална припадност се: 1 Македонец и 4 Албанци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во Вишото јавно обвинителство Штип, по систематизација се предвидени 6 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 5 јавни обвинители, од кои мажи 2, жени 3, сите по националност Македонци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор за член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, по систематизација се предвидени 18 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 11 јавни обвинители, од кои 3 мажи и 8 жени, а по национална припадност: 7 Македонци и 4 Албанци.

Во Основно јавно обвинителство Битола, по систематизација се предвидени 9 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 5 јавни обвинители, од кои 2 мажи и 3 жени, а по национална припадност: Македонци 4 и Влав 1. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор за член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Во Основно јавно обвинителство Берово, по систематизација се предвидени 3 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваа 1 јавен обвинител, маж, по националност Македонец.

Во Основно јавно обвинителство Гевгелија, по систематизација се предвидени 4 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршува 1 јавен обвинители, жена, по националност Македонка.

Во Основно јавно обвинителство Гостивар, по систематизација се предвидени 9 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 6 јавни обвинители од кои 4 мажи и 2 жени, а по национална припадност: 2 Македонци и 4 Албанци.

Во Основно јавно обвинителство Дебар, по систематизација се предвидени 2 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 2 јавни обвинители, од кои 2 мажи, а по национална припадност: 1 Македонец и 1 Албанец.

Во Основно јавно обвинителство Делчево, по систематизација се предвидени 2 јавни обвинителски места, а моментално нема избран јавен обвинител. Таму функцијата ја извршува јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Штип.

Во Основно јавно обвинителство Кавадарци, по систематизација се предвидени 5 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 4 јавни обвинители од кои 2 мажи и 2 жени, а по национална припадност сите се Македонци.

Во Основно јавно обвинителство Кичево, по систематизација се предвидени 5 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 2 јавни обвинители, од кои 2 жени, по национална припадност се Македонки.

Во Основно јавно обвинителство Крива Паланка, по систематизација се предвидени 3 јавни обвинителски места, а моментално нема избран јавен обвинител. Таму функцијата ја извршува јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Куманово.

Во Основно јавно обвинителство Кочани, по систематизација се предвидени 6 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 3 јавни обвинители, од кои 3 мажи, по национална припадност се Македонци.

Во Основно јавно обвинителство Куманово, по систематизација се предвидени 14 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 10 јавни обвинители, од кои 5 мажи и 5 жени, по националност: 7 Македонци и 3 Албанци.

Во Основно јавно обвинителство Охрид, по систематизација се предвидени 8 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 4 јавни обвинители, од кои 2 мажи, 2 жени, по национална припадност се Македонци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор за јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Струга.

Во Основно јавно обвинителство Прилеп, по систематизација се предвидени 8 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 2 јавни обвинители, од кои 2 жени, по национална припадност сите се Македонци.

Во Основно јавно обвинителство Радовиш, по систематизација се предвидени 2 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја

извршуваат вкупно 2 јавни обвинители, од кои 2 жени, а по национална припадност се Македонки. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во Основно јавно обвинителство Ресен, по систематизација се предвидени 2 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршува 1 јавен обвинител, маж, по национална припадност Македонец.

Во Основно јавно обвинителство Свети Николе, по систематизација се предвидени 2 јавни обвинителски места, а моментално нема избран јавен обвинител. Таму функцијата ја извршува јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Штип.

Во Основно јавно обвинителство Скопје, по систематизација се предвидени 67 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 57 јавни обвинители, од кои 18 мажи и 39 жени, а по национална припадност се: 43 Македонци, 1 Црногорец, 5 Албанци, 2 Срби, 3 Бошњаци, 2 Турци и 1 Влав. На 6 јавни обвинители им мирува функцијата, поради тоа што се избрани во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во Основно јавно обвинителство Струга, по систематизација се предвидени 5 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 4 јавни обвинители, 4 мажи, а по национална припадност: 3 Македонци и 1 Албанец.

Во Основно јавно обвинителство Струмица, по систематизација се предвидени 9 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 7 јавни обвинители, од кои 2 мажи и 5 жени, а по национална припадност се Македонци. На еден јавен обвинител функцијата му мирува поради избор во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во Основно јавно обвинителство Велес, по систематизација се предвидени 9 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 6 јавни обвинители, од кои 6 жени, а по национална припадност сите се Македонки.

Во Основно јавно обвинителство Тетово, по систематизација се предвидени 10 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 3 јавни обвинители, 3 мажи, по национална припадност се Албанци.

Во Основно јавно обвинителство Штип, по систематизација се предвидени 6 јавни обвинителски места, а функцијата јавен обвинител ја извршуваат вкупно 5 јавни обвинители, 5 жени, по национална припадност сите се Македонци.

На 15 јавни обвинители во Република Северна Македонија им мирува мандатот поради вршење на функцијата јавен обвинител во друго јавно обвинителство, поради вршење на функцијата член на Советот на јавните обвинители на РСМ и поради вршење на функцијата Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во основните јавни обвинителства и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во извештајната 2022 година, функцијата основен и јавен обвинител ја извршуваат од вкупно предвидените 190 јавни обвинители само 124 јавни обвинители, односно со 66 јавни обвинители помалку, една третина помалку од потребниот број.

Во Вишите јавни обвинителства од предвидените 39 јавни обвинители функцијата ја извршуваат 26 јавни обвинители, односно 13 јавни обвинители помалку, што претставува една третина од вкупно потребниот број јавни обвинители.

Од вкупно 23 Основни јавни обвинителства заедно со Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во три основни јавни обвинителства нема ниту еден јавен обвинител.

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПО ОДЛУКАТА ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ИЗБРАНИ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**

| | ЈО | Систематизација | Моментален број на ЈО | Слободни места | Мажи | Жени | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Власи | Црногорци | Бошњаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЈОРМ | 1+14 | 11<br>(еден во мирување) | 4 | 9 | 2 | 7 | 4 | | | | | |
| 2 | ВЈО СКОПЈЕ | 1+16 | 13<br>(два во мирување) | 4 | 8 | 5 | 6 | 4 | | 1 | 2 | | |
| 3 | ОЈО СКОПЈЕ | 1+66 | 57<br>(шест во мирување) | 10 | 18 | 39 | 43 | 5 | 2 | 2 | 1 | 1 | 3 |
| 4 | ОЈО КУМАНОВО | 1+13 | 10 | 4 | 5 | 5 | 7 | 3 | | | | | |
| 5 | ОЈО ВЕЛЕС | 1+8 | 6 | 3 | | 6 | 6 | | | | | | |
| 6 | ОЈО КАВАДАРЦИ | 1+4 | 4 | 1 | 2 | 2 | 4 | | | | | | |
| 7 | ОЈО ГЕВГЕЛИЈА | 1+3 | 1 | 3 | | 1 | 1 | | | | | | |
| 8 | ОЈО КРИВА ПАЛАНКА | 1+2 | 0 | 3 | | | | | | | | | |
| 9 | ОЈО ГОКК | 1+17 | 11 | 7 | 3 | 8 | 7 | 4 | | | | | |
| 10 | ВЈО ГОСТИВАР | 1+7 | 5<br>(еден во мирување) | 3 | 3 | 2 | 1 | 4 | | | | | |
| 11 | ОЈО ГОСТИВАР | 1+8 | 6<br>(еден во мирување) | 3 | 4 | 2 | 2 | 4 | | | | | |
| 12 | ОЈО ТЕТОВО | 1+9 | 3 | 7 | 3 | | | 3 | | | | | |
| 13 | ОЈО ДЕБАР | 1+1 | 2 | | 2 | | 1 | 1 | | | | | |
| 14 | ОЈО КИЧЕВО | 1+4 | 2 | 3 | | 2 | 2 | | | | | | |
| 15 | ВЈО БИТОЛА | 1+7 | 3 | 5 | 2 | 1 | 3 | | | | | | |
| 16 | ОЈО БИТОЛА | 1+8 | 5<br>(еден во мирување) | 4 | 2 | 3 | 4 | | | | 1 | | |
| 17 | ОЈО ПРИЛЕП | 1+7 | 2 | 6 | | 2 | 2 | | | | | | |
| 18 | ОЈО ОХРИД | 1+7 | 4 | 4 | 2 | 2 | 4 | | | | | | |
| 19 | ОЈО СТРУГА | 1+4 | 4 | 1 | 4 | | 3 | 1 | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | ОЈО РЕСЕН | 1+1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | | | | | | |
| 21 | ВЈО ШТИП | 1+5 | 5<br>(еден во мирување) | 1 | 2 | 3 | 5 | | | | | | |
| 22 | ОЈО ШТИП | 1+5 | 5 | 1 | | 5 | 5 | | | | | | |
| 23 | ОЈО СТРУМИЦА | 1+8 | 7<br>(еден во мирување) | 2 | 2 | 5 | 7 | | | | | | |
| 24 | ОЈО БЕРОВО | 1+2 | 1 | 2 | 1 | | 1 | | | | | | |
| 25 | ОЈО ДЕЛЧЕВО | 1+1 | 0 | 2 | | | | | | | | | |
| 26 | ОЈО РАДОВИШ | 1+1 | 2<br>(еден во мирување) | | | 2 | 2 | | | | | | |
| 27 | ОЈО КОЧАНИ | 1+5 | 3 | 3 | 3 | / | 3 | | | | | | |
| 28 | ОЈО СВЕТИ НИКОЛЕ | 1+1 | 0 | 2 | | | | | | | | | |
| **29** | **ВКУПНО** | **244** | **162** | **82** | **73** | **89** | **120** | **29** | **2** | **3** | **4** | **1** | **3** |

Вкупно се избрани 162 јавни обвинители кои во наведениот табеларен приказ се прикажани по јавни обвинителства, со тоа што јавните обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција повторно се прикажани заедно со другите, а се работи за истите јавни обвинители кои се прикажани во матичните обвинителства каде им мирува функцијата. Затоа, на следната табела се прикажани избраните јавни обвинители без двојното прикажување на горната табела.

| Вкупно | Мажи | Жени | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Власи | Црногорци | Бошњаци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 162 | 73 | 89 | 120 | 29 | 2 | 3 | 4 | 1 | 3 |
| | 45% | 55% | 74% | 18% | 1% | 2% | 2% | 1% | 2% |

# V. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ

## 1. Општ дел

И оваа извештајна година, како и претходните, активностите на Советот на јавните обвинители, меѓу другото, беа насочени на остварувањето на функцијата што произлегува од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, односно на постапувањето по претставките поднесени од физички и правни лица, а кои се однесуваат на работењето на Јавните обвинители во Јавните обвинителства во Република Северна Македонија.

Согласно одредбите од Законот за јавното обвинителство, надзорот над законито и навремено извршување на јавно обвинителската функција на пониските јавни обвинителства го врши повисокото јавно обвинителство, а над Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција го врши Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Надзорот над управното работење над Јавните обвинителства го врши Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Во Законот за јавното обвинителство предвидено е дека постапката за утврдување на одговорност на јавните обвинители за сторена дисциплинска повреда се спроведува по образложен предлог на Јавниот обвинител Република Северна Македонија за сите јавни обвинителства или по образложен предлог на Вишиот јавен обвинител за јавните обвинители во Вишото јавно обвинителство или во Основните јавни обвинителства.

Согласно ваквата законска определба, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија нема надлежност да врши надзор над законитото и навремено извршување на функцијата на Јавните обвинители ниту пак, да иницира поведување на дисциплинска постапка, од причина што истиот одлучува по жалбите против одлуките донесени од страна на дисциплинската комисија за постапките утврдени на дисциплинска одговорност што значи дека постапува како второстепен орган.

Конкретните надлежности на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија се дефинирани во одредбата од член 9 од Законот за Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, при што во став 1 алинеја 7 е предвидено дека Советот постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на јавните обвинители.

Начинот на работа, надлежностите на Советот, како и на членовите на Советот се утврдени и со Деловникот за работа на Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија донесен од страна на Советот во 2020 година.

Деловникот за работа ги уредува прашањата на постапката и начинот на работа на Советот, при што во членот 10, таксативно се наведени надлежностите, меѓу кои,

во алинеја 8 е пренесена законската надлежност да постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители.

Од ваквата законска определба јасно произлегува дека Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија нема овластување да врши директен и непосреден надзор во постапувањето на Јавните обвинители во јавните обвинителства, туку тоа е во исклучива надлежност на повисоките јавни обвинителства.

Ваквата законска одредба ги детерминира можностите на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во остварувањето на надлежноста определена со одредбата од член 9 став 1 алинеја 7 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Оценувањето на квалитетот и законитоста во работењето на Јавните обвинители го врши Јавниот обвинител на соодветното јавно обвинителство, а Советот одлучува по вложениот приговор на добиената оцена, што значи дека како и во дисциплинските постапки и во овој случај постапува како второстепен орган по вложените жалби.

Согласно напред изнесеното, за одбележување е дека Советот нема законски надлежности да врши оценување на квалитетот на работењето на јавните обвинители и да поведува дисциплински постапки туку има законска надлежност во тие постапки исклучиво да постапува како второстепен орган, односно да одлучува по приговорите и вложените жалби.

Согласно сето горенаведено постапувајќи во рамките на своите законски надлежности при постапувањето по претставките, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија се обраќа до повисоките јавни обвинителства со барање да се изврши надзор во работењето на Јавниот обвинител кој постапувал по конкретен предмет, а по извршениот надзор за констатираното бара да му биде доставен извештај со мислење и оцена за постапувањето на Јавниот обвинител од конкретниот предмет.

На ваков начин, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија ги запознава повисоките јавни обвинителства за искажаните незадоволства на странките од работењето на одредени јавни обвинители во пониските јавни обвинителства, кое нешто треба да има влијание при оценувањето на ажурноста, ефикасноста и квалитетот на работењето на јавните обвинители и евентуално да биде основ за поведување на дисциплинска постапка за сторена повреда во остварувањето на функцијата. Од друга стана, евиденцијата која Советот ја води по однос на претставките треба да биде и е од влијание при спроведувањето на постапка за избор на јавни обвинители на и во повисоките јавни обвинителства.

Ваквата поставеност на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во правниот систем на државата, ја ограничува неговата надлежност и ја стеснува рамката во која може да постапува и да ја остварува својата основна и приоритетна надлежност, а тоа е создавање на квалитетна и ажурна јавно обвинителска организација преку избор на квалитетни јавни обвинители како носители на јавно обвинителската функција.

Сметаме дека е потреба да се извршат одредени измени и дополнувања во Законот за јавното обвинителство, како и во Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, во насока да се даде поголема автономија на Советот на Јавните обвинители во однос на следењето на работата на јавните обвинители во поглед на законитоста и ажурноста ,без при тоа да се наруши самостојноста и независноста на секој Јавен обвинител во делот на донесувањето на јавно обвинителски одлуки.

## 2. Примени претставки, поплаки и постапување

Во текот на 2022 година, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во согласност со Законот за јавното обвинителство, Законот за советот на јавните обвинители и Деловникот за работа надлежно постапуваше по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица.

Според евиденцијата водена во уписникот, Советот на јавните обвинители, во 2022 година, постапувал по вкупно 182 претставки што во однос на претходната година кога биле евидентирани 231 претставки, претставува намалување за 49 претставки.

Од вкупниот број на претставки, 150 биле поднесени од физички лица, од кои145 биле поднесени од лица со статус на оштетени, 3 претставки се поднесени од обвинети лица и 7 претставки се поднесени од други лица.

**Учеството на субјектите во поднесувањето на претставките е прикажано во табелите 1 и 2.**

***Табела бр.1***

| **ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ ЗА 2022 година** | | |
|---|---|---|
| Физички лица | 150 | 82,42% |
| Правни лица | 19 | 10,43% |
| Анонимни | 6 | 3,29% |
| Други | 7 | 3,84% |
| Вкупно | 182 | 100% |

*Табела 2*

| ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ ЗА 2022 година | | |
|---|---|---|
| Оштетени лица | 145 | 79,67% |
| Обвинети лица | 3 | 1,64% |
| Заинтересирани лица | 2 | 1,09% |
| Правни лица | 19 | 10,63% |
| Анонимни | 6 | 3,29% |
| Други | 7 | 3,84 % |
| **Вкупно** | **182** | **100%** |

Од вкупно поднесените 182 претставки, до Советот непосредно се поднесени 175, а преку други институции на надлежно постапување биле препратени 7 претставки.

Од приказот во табелите 1 и 2 произлегува заклучокот дека најголемиот број на претставки се поднесени од оштетените лица, а во незначителен број, односно само во три случаи незадоволство од постапувањето на јавните обвинители изразиле обвинетите лица.

Од ваквата состојба може да се заклучи дека обвинетите не сметаат дека при постапувањето, јавните обвинители ги повредуваат нивните со Закон и Устав гарантирани права и дека своето право на одбрана го остваруваат во текот на постапката, согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка.

Од вкупно поднесените 182 претставки, по конкретни Јавни обвинителства поднесени се:

- Три претставки за Јавното обвинителство на РСМ,
- Осум претставки за Вишите јавни обвинителства,
- Деветнаесет претставки за Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и
- Стопеесет и две претставки за Основните јавни обвинителства.

Бројот на поднесени претставки за работата на јавните обвинители по одделни Виши обвинителства заедно со претставките за Основни јавни обвинителства под нивна надлежност е прикажан во табелите бр.3, бр.4, бр.5 и бр.6, следи во продолжение:

***Табела бр. 3***

| ВЈО Скопје | Основно јавно обвинителство | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје | Куманово | Велес | Кавадарци | Крива Паланка | Гевгелија | |
| 5 | 55 | 6 | 3 | 3 | / | 1 | 73 |

***Табела бр. 4***

| ВЈО Битола | Основно јавно обвинителство | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Битола | Прилеп | Охрид | Ресен | Струга | |
| 1 | 13 | 5 | 11 | 1 | 4 | 35 |

***Табела бр.5***

| ВЈО Штип | Основно јавно обвинителство | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Штип | Кочани | Струмица | Радовиш | Делчево | Берово | Свети Нико | |
| 1 | 5 | 6 | 2 | / | / | / | 1 | 15 |

***Табела бр.6***

| **ВЈО Гостивар** | **Основно јавно обвинителство** | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Гостивар | Тетово | Кичево | Дебар | |
| 1 | 12 | 7 | 14 | 3 | 37 |

Очигледно е дека најголемиот број на претставките се однесуваат на работата на јавните обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје, што е и за очекување, имајќи го предвид обемот на работата што ова Обвинителство го има во однос на работата на сите останати Основни јавни обвинителства во државата.

Како што погоре е веќе наведено, најголем број на претставки се поднесени од оштетени лица кои најчесто изразуваат незадоволство од времетраењето на постапката, односно укажуваат на неажурност во преземањето на дејствија од страна на јавниот обвинител кој постапува по конкретниот предмет, како и од донесените јавно обвинителски одлуки - Решенија за отфрлање на кривичната пријава. Во помал број се претставките во кои оштетените лица искажуваат незадоволство поради недобивање известување за текот на постапката пред јавното обвинителство во подолг рок.

Незначителен е бројот на претставките во кои се искажува незадоволство поради настапената застареност на кривичното гонење и неможноста Јавниот обвинител да презема дејствија по кривичната пријава.

Во поднесените три претставки од обвинетите лица се искажува незадоволство поради нивниот статус на обвинети, односно поради тоа што против нив се води кривична постапка, при што сметаат дека целата постапка е тенденциозна, и дека јавните обвинители се нестручни и погрешно го применувале материјалното право први носење на одлуките.

Во дел од претставките подносителите бараат изземање на јавните обвинители кои постапуваат по конкретните предмети, а во одредени случаи бараат поведување на дисциплински постапки и нивно разрешување.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во текот на 2022 година постапи по сите поднесени претставки на начин како е тоа утврдено со Законот и во согласност со Деловникот за неговата работа.

Во рамките на своите надлежности побарано е од повисоките јавни обвинителства да извршат надзор над работењето на посочените јавни обвинители во пониските јавни обвинителства на кои се однесуваат претставките, а со цел да се проверат изнесените наводи. Воедно, преку вршењето на надзорот по конкретниот предмет повисоките јавни обвинители се запознаваат со искажаните незадоволства во

претставките и се утврдуваат евентуалните пропусти и незаконитости во постапувањето, кои можат за овластениот предлагач да претставуваат основ за поведување на дисциплинска постапка во согласност со Законот за јавното обвинителство и да влијаат при оценувањето.

Од постапувањето по претставките општ впечаток е дека повисоките јавни обвинителства ги уважуваат барањата за надзор доставени од страна на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и по истите постапуваат, при што за констатираната состојба во однос на постапувањето на конкретниот Јавниот обвинител доставуваат извештај со искажани констатации за преземените процесни дејствија по  конкретниот предмет, но при тоа не е мал бројот на случаи кога извештаите се доставуваат со задоцнување. Посебно треба да се истакне дека доцнењето со извештаите особено се однесува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, кое до 31.12.2022 година не доставило извештај по 18 претставки, Вишото јавно обвинителство Скопје по 10 претставки, а Вишите јавни обвинителства Битола, Гостивар и Штип имаат по 1 претставка по која не е добиен извештај заради што се доцни со одговорите до подносителите на претставките од страна на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Мораме да нагласиме дека во текот на проверките на наводите во претставките, воочени се пропусти во постапувањата на јавните обвинители, од формална природа, а во мал дел и пропусти од суштинска природа. Заради тоа од повисоките јавни обвинителства им е укажувано во иднина да не се повторуваат вакви повреди, меѓутоа констатирано е дека истите не биле од влијание на законитоста на донесените одлуки.

Во текот на извештајната година по спроведена постапка по претставки, во седум случаи Советот на јавните обвинители утврди дека истите се основани за што со посебна информација бил информиран Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

## 3. Постапување по други поднесоци

Советот, во 2022 година постапувал и по 223 други поднесоци, што во однос на евидентирани 168 во 2021 година, претставува значително зголемување во обемот на работа по тој основ.

Од наведената бројка особено е потребно да се истакне следното постапување на Советот:

Разгледани и оценети се дваесет и осум Годишни извештаи за работа во 2021 година на Основните јавни обвинителства и Годишниот извештај за работа на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, на четирите Виши јавни обвинителства и Годишниот извештај на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија кои се позитивно оценети од страна на Советот на јавните обвинители;

Разгледани се одлуките за оценување на Јавните обвинители кои се пријавиле на огласите кои беа објавени за избор на јавни обвинители во Јавните обвинителства;

Разгледани се сите извештаи, кои се доставени до Советот од редовните контроли на работењето на јавните обвинители во Основните јавни обвинителства;

Разгледани се извештаите на Академијата за судии и јавни обвинители за континуирана обука на обвинители на сите нивоа.

# VI. СОРАБОТКА НА СОВЕТОТ СО ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## 1. Институционална соработка

Институционално зајакнување на Советот како самостоен орган само по себе е и негова цел, како и дека е нужна потреба заради обезбедување на самостојноста и независноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција, според општо прифатени стандарди содржани во меѓународни конвенции и препораки и нивна имплементација во домашното законодавство.

Во контекст на наведеното, во 2022 год. директна соработка Советот има остварено со Јавните обвинителства, со секојдневни контакти и непосредни средби по разни основи и со Академијата за судии и јавни обвинители, во чии органи како што се Управниот одбор, Програмскиот совет и Комисијата за ревизија на испитите учествува со свои членови.

Остварена е соработка на Советот на јавните обвинители и со Министерството за правда преку учество на членовите на Советот во повеќе комисии и работни тела.

Советот соработуваше со Судскиот совет, Врховниот суд, Здруженијата на јавните обвинители и судии и со други државни органи и институции.

Советот остварува соработка и со Комората на извршителите на Република Северна Македонија, со тоа што определува член и заменик-член од редот на членовите на Советот во Дисциплинската комисија на извршителите.

## 2. Меѓународна соработка

Во 2022 година, претседателот и заменикот претседател на Советот на јавните обвинители беа дел од делегацијата на Република Северна Македонија на Билатералниот скрининг за поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права, од рамката за пристапни преговори со Европската унија.

Советот активно учествуваше на сите семинари, конференции и работилници за кои доби покана, организирани во Република Северна Македонија од Академијата за судии и јавни обвинители и други правосудни институции, па и на оние со учеството на претставници и експерти на меѓународни институции. Остварена е значајна соработка со повеќе невладини организации, со активно земање на учество на нивните конференции, работилници и слично.

# VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

## 1. Транспарентност

Содржината на одредбата на законот за Советот на јавните обвинители обезбедува и гарантира јавност и транспарентност во работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

Советот, и оваа извештајна година продолжи со целосно почитување и примена на оваа законска одредба, со тоа што сите седници на Советот во текот на извештајната година беа отворени за јавноста и на нив присуствуваа медиуми, невладини и други организации.

Секоја одлука на Советот за закажана седница со дневен ред навремено се објавуваше јавно со цел информирање на медиумите и јавноста на веб-страницата на Советот.

Сите записници на Советот со донесените одлуки од страна на Советот, после седница Советот ги објавува на веб-страницата.

По завршување на седниците претседателот на Советот одржуваше прес-конференции, како и брифинзи со новинарите.

## 2. Односи со јавноста

Советот на јавните обвинители во текот на 2022 година, активно соработуваше со невладиниот сектор, а со Институтот за човекови права склучи Меморандум за соработка. Член на Советот активно учествуваше во активностите на Судско медиумскиот совет а Претседателот на Советот на јавните обвинители во континуитет соработуваше со медиумите, како и учествуваше во дебатни емисии и интервјуа од интерес за јавноста.

Со цел на надградување на односот со јавноста, во иднина Советот на јавните обвинители на својата веб страница ќе ги објавува и сите листи на кандидати по секој објавен оглас за избор јавни обвинители и членови на советот, со податоци на кандидатите.

# VIII. ОРГАНИЗАЦИЈА, КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

## 1. Состав на Совет

Советот на јавните обвинители во 2022 година, работеше во неполн состав, а во одредени периоди и на работ на кворум.

Советот на јавните обвинители во извештајната година организираше избори за избор на член на Советот од редот на јавните обвинители од подрачјето на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и на почетокот на 2022 година беше избран нов член на Советот.

Советот на јавните обвинители кон крајот на извештајната година објави оглас за избор на член на Советот за упразнетото место од редот на јавните обвинители за подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар.

И покрај тоа што Советот на јавните обвинители во законски определен рок го информираше Собранието на Република Северна Македонија за потребата од избор на членови на Советот од редот на членовите што ги бира Собранието, од причина што на двајца членови на Советот од редот на членовите кои ги избира Собранието им престанал мандатот, односно едниот член исполнил услови за старосна пензија, за жал, Собранието на Република Северна Македонија и во извештајниот период, односно 2022 година, не избра членови за упразнетите места.

Советот потсетува на потребата од избор на двајца членови на Советот од редот на членовите кои ги избира Собранието.

| Табела на избрани членови на Советот во 2022 година | | | |
|---|---|---|---|
| Објавени огласи | Пријавени кандидати | Избрани кандидати | Од редот на завршена Академија |
| 1 | 2 | 1 | / |

## 2. Внатрешна организација

Извршувањето на стручни, административно-технички и управни работи, е во надлежноста на Стручната служба. Во текот на претходните години донесени се нови правилници и тоа: Правилник за внатрешна организација на работните места и Правилник за систематизација на работните места во Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и според него стручната служба е поделена на две одделенија и тоа :

- Одделение за административно-правни и општи работи и

- Одделение за буџет и финансиски работи.

Од предвидените 13 извршители во стручната служба вработени се 7 лица. Со стручната служба раководи Генерален секретар на Советот.

## 3. Услови за работа

Со Одлука на Владата на РСМ, во октомври 2013 година, на Советот, на трајно користење му беа доделени 527 $m^2$ деловен простор, на 5-ти кат од зградата на улица Кеј Димитар Влахов во Скопје, со тоа просторното сместување се сметаше за решено. Меѓутоа, сметаме за потребно да потенцираме дека просторните и хигиено-техничките услови во зградата и катот каде што Советот на јавните обвинители ја извршува својата функција не ги задоволува потребните критериуми и услови за непречено вршење на функцијата на Советот.

# IX. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА И БУЏЕТОТ 2022 ГОДИНА

## 1. Одобрен – реализиран буџет

Од почетокот на 2021 година, Советот на јавните обвинители доби самостоен буџет. Овој начин на обезбедување средства за работа на Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија, овозможува Советот активно да учествува во конципирањето на сопствениот буџет и претставува чекор напред во обезбедувањето на финансиските средства и ја зголемува неговата самостојност и независност. Делејќи ја судбината на сите буџетски корисници од јавниот сектор на Советот за 2022 година му беа определени 23.401.580,00 денари, од кои 18.247.080,00 денари се распоредени за плати, надоместоци, персонален данок од плата и придонеси што претставува 77,97% од вкупно определениот буџет.

Значителен дел, односно 2.370.000,00 денари од преостанатите средства беа наменети за комунални услуги, греење, комуникации и транспорт. Вкупно, по овие два основа беа предвидени 20.617.080,00 денари што претставува 88,10% од определените средства за работа во 2022 година.

Преостанатите 1.806.261,00 денари, што преставува 7,71% од распоредените средства не беа доволни за функционирање на Советот, односно за набавување на нова техничка опрема.

**Табела на одобрен и реализирани средства во буџетот за 2022 година**

| | ОПИС | БУЏЕТ | РЕАЛИЗИРАН | РАЗЛИКА | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 13.088.293,00 | 13.088.293,00 | 0,00 | 100,00 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 5.086.787,00 | 5.086.787,00 | 0,00 | 100,00 |
| 404 | Надоместоци | 72.000,00 | 72.000,00 | 0,00 | 100,00 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 240.000,00 | 108.498,00 | 131.502,00 | 45,21 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.370.000,00 | 1.719.424,00 | 650.576,00 | 72,55 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 400.000,00 | 292.436,00 | 107.564,00 | 73,11 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 300.000,00 | 116.540,00 | 183.460,00 | 38,85 |
| 425 | Договорни услуги | 400.000,00 | 326.174,00 | 73.826,00 | 81,54 |
| 426 | Други тековни расходи | 200.000,00 | 143.450,00 | 56.550,00 | 71,72 |
| 464 | Разни трансфери | 204.000,00 | 201.009,00 | 2.991,00 | 98,53 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 510.500,00 | 510.154,00 | 346,00 | 99,93 |
| 481 | Градежни објекти | 530.000,00 | 108.000,00 | 422.000,00 | 20,38 |
| | **ВКУПНО** | **23.401.580,00** | **21.772.765,00** | **1.628.815,00** | **93,04** |

Со определениот буџет Советот на јавните обвинители не беше во можност да ги подобри условите за редовна работа кои бараат подобри просторни и материјални услови, како и кадровска екипираност, а се работи за орган кој е клучен за работењето на сите јавни обвинителства на Република Северна Македонија.

Советот и покрај тоа што постојано информира и бара зголемување на буџетските средства, подобрување на условите за непречено функционирање и оваа извештајна година не успеа да обезбеди соодветни просторни и други потребни услови за нормално извршување на функцијата.

Советот продолжува да работи во несоодветни просторни услови со недоволен број на кадровски капацитети во стручната служба и со опрема добиена од Министерството за правда на Република Северна Македонија, која е од пред повеќе години и е веќе стара и амортизирана.

Советот на јавните обвинители на РСМ, иако соочен со потешкотии во неговото функционирање, сите обврски во 2022 година успешно ги има извршено.

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Претседател**
**Антонио Јолевски**